Врз основа на чл.20 и чл.25 од Законот за судска служба („Сл.весник на РМ“ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 06/2016, 198/2018 и 248/2018), и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на докази и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници („Сл.весник на РМ“ број 236/2018) и известувањето од Министерството за финансии на РСМ, број 18-10221/2 од 21.12.2021 година

**ОСНОВНИОТ КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**
**објавува**
**ЈАВЕН ОГЛАС бр.3/2021**
**за вработување 4 (четири) судски службеници на неопределено време**

**1. Категорија В, ниво В2, шифра СУД0101В02001,**
**-Виш судски соработник -1-еден извршител**

**Посебни услови за вршење на работите:**
**-Стручни квалификации:**
-стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС-Правен факултет или завршен VII/1 степен правен факултет и положен правосуден испит

**-Работно искуство:**
-најмалку 2 години работно искуство во струката

**-Посебни работни компетенции**:
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно место.

Основна нето плата 27.900,00 денари;
Работни часови неделно: 40 часа;
Работно време од 07,30 до 15,30 часот, Дневна пауза од 11,00 до 11,30 часот;
Работни денови од понеделник до петок

**2.Категорија В, ниво В3, шифра СУД0101В03001,**
**-Судски соработник -1-еден извршител**

**Посебни услови за вршење на работите:**
**-Стручни квалификации:**
-стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС-Правен факултет или завршен VII/1 степен правен факултет и положен правосуден испит
**-Работно искуство:**
-најмалку 1 година работно искуство во струката
**-Посебни работни компетенции**:
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно место.

Основна нето плата 25.700,00 денари;
Работни часови неделно: 40 часа;

Работно време од 07,30 до 15,30 часот, Дневна пауза од 11,00 до 11,30 часот; Работни денови од понеделник до петок

3. **Категорија Г, ниво Г3, шифра СУД0101Г03001,**
**-Судски референт-дактилограф** -**2-два извршители**

**Посебни услови за вршење на работите:**
**-Стручни квалификации:**
- најмалку више или средно образование
**-Работно искуство:**
-најмалку 1 година работно искуство во струката
**-Посебни работни компетенции**:
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски) активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно место.

Основна нето плата 17.300,00 денари;
Работни часови неделно: 40;
Работно време од 07,30 до 15,30 часот, Дневна пауза од 11,00 до 11,30 часот; Работни денови од понеделник до петок

Кандидатите за сите работни места покрај доказите за исполнување на посебните услови утврдени со Законот за судска служба и Правилникот за систематизација на работните места во Основниот кривичен суд Скопје, потребно е да ги исполнуваат и **општите услови за вработување во судска служба** предвидени во чл.21 ст.1 од Законот за судска служба (Сл.весник на РМ бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18) и тоа:
-да е државјанин на Република Македонија;
-активно да го користи македонскиот јазик;
-да е полнолетен;
-да има општа здравствена способност за работното место;
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Заинтересираните кандидати се должни да достават пополнета Пријава за вработување на судски службеник (образец објавен во Сл. весник на РМ број 236/2018) која може да се подигне и во приемното одделение на судот, секој работен ден од 08,30 до 14,30 часот или пак истата да се превземе од web страната на Основниот кривичен суд Скопје (www.osskopje1.mk).

Кон пријавата, кандидатите задолжително ги приложуваат доказите за исполнување на општите и посебните услови за работното место на кое се пријавуваат, во оригинал или копија заверена на нотар:
-уверение за завршено соодветно образование,
-доказ за работно искуство,
-уверение за државјанство (да не е постаро од 6-шест месеци),
-лекарско уверение за општата здравствена состојба (да не е постаро од 12-месеци),
-уверение или потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност (да не е постаро од 6-шест месеци),
-диплома, сертификат или уверение како доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Кандидатите за судски службеник во постапката за вработување преку јавен оглас, активното познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски) ќе го докажуваат со полагање испит за судски службеник

– дел за проверка на знаење на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски).

**Напомена:** Кандидатите за судски службеник за работно место под точка 3, кои го имаат завршено законски предвиденото ниво на образование, како и кандидатите со повисоко образование од минималното предвидено со огласот, да ги достават и свидетелствата кои им ги издало средното училиште потребни за утврдување на општиот успех.

Условите наведени во огласот кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.

**Напомена:** Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошната постапка.

Времето и датумот на одржување на административната селекција, испитот и интервјуто ќе бидат објавени на интернет страницата на Основниот кривичен суд Скопје.

Рокот за поднесување на пријавите е 15 (петнаесет) дена, сметано од денот на објавување на огласот во дневните весници.

Ненавремените, неуредните и нецелосно пополнетите пријави нема да се разгледуваат.

Пополнетата пријава во писмена форма заедно со доказите, кандидатите се должни да ја достават непосредно во судот или по пошта на адреса ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ, Комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.3/2021, Бул.Гоце Делчев б.б. Скопје.

Постапката за селекција за вработување ќе биде спроведена согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на докази и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници („Сл.весник на РМ“ број 236/2018).

Кандидатите кои ќе ја поминат административната селекција, полагаат испит за судски службеник во просториите на Основен кривичен суд Скопје.

Базата на прашања и потребната литература, е достапна на web страната на Основниот кривичен суд Скопје (www.osskopje1.mk).

ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ